ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Делчево ја доби првата атрактивна фонтана—симбол на модерно Делчево
- Делчево одбележа 78 години од ослободувањето
- Делчево во групата општини со највисок Индекс на отвореност
- Фолклор и традиција: Пијанечко-малешевска свадба и Делчево фест


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 28 СЕПТЕМВРИ 2022


## Делчево ја доби првата атрактивна фонтана—симбол на модерно Делчево



### Делчево одбележа 78 години од ослободувањето



### Делчево во групата општини со највисок Индекс на отвореност




### Фолклор и традиција: Пијанечко-малешевска свадба и Делчево фест




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево: Седмосептемвриска награда за „Брегал ДОО“ и Лоренцо Трајановски



На 13 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците одлучија традиционалната Седмосептемвриска награда да ја добијат фирмата „Брегал“ од Делчево и Лоренцо Трајановски, пожарникар од Делчево и претседател на Здружението „King’s of the road’s“. Наградата **БРЕГАЛ ДОО Делчево** ја добива за особени постигнувања од областа на стопанството и како општествено одговорна компанија**;** додека **Лоренцо Трајановски од Делчево** за особени постигнувања во областа на афирмација на Делчево. Општинската награда 7 Септември за правното лице се состои од плакета, а за физчкото лице се состои од парична награда во износ од 20.000 денари и плакета. Плакетата ќе биде доделена на 7 Септември 2022 година.

Седницата започна со верификација на мандатот на новиот член на Советот, **Тони Стаменковски** од Делчево, кандидат од политичката партија ЛЕВИЦА.

Со одредени забелешки, советниците ги усвоија годишните планови за вработување за 2023 година на локалните институции и на Општина Делчево.

Советниците ја донесоа Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година, согласно со која се зголемуваат средствата за плати на пожарникарите во износ од 831.800 ден, трошоците за електрична енергија во вкупен износ од 1.457.300 ден. и средствата за привремени вработувања во износ од 495.000 ден; како и Одлуката за проширување на средствата во Буџетот за 2022 година согласно со која наменските дотации за основното и средното образование, детската заштита и дејностите од областа на култура кои се зголемуваат за 10.274.000 ден., како и средства за донации во висина од 100.000 ден.

На Седница се усвоија и годишните извештаи за 2021/22 и програмите за работа за 2022/23 на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, ООУ „Ванчо Прке“-Делчево и СОУ „М.М.Брицо“; Одлука за давање согласност за формирање групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево, како и Одлука за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Советниците го усвоија Шестмесечниот извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“, а на Седницата беа донесени и одлуки за доделување средства за издавање монографија за село Драмче од авторот Христина Деолска во износ од 20.000 ден, средства за Џамискиот одбор во Делчево за градежни активности во износ од 10.000 денари, како и средства во износ од 200.000 денари на ФБ „Брегалница“. Советниците донесоа повеќе одлуки од областа на урбанистичкото планирање.

Совет на Општина Делчево

# Одржана 14 Седница на Советот на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 14 редовна Седница на која се распраше и се донесоа одлуки по 17 точки од предложениот Дневен ред.

Пред советниците беше образложен Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година за период од 01.01.2022 до 27.07.2022, согласно кој извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за вториот квартал од 2022 година, изнесува 46,6%, односно од вкупно планираните приходи во износ од 293.601.385 ден., за вториот квартал се наплатени 136.930.202 денари. Од нив, во основниот буџет, од планирани 97.117.000 наплатени се 42.013.070 ден. или 43,2%.

Советниците ја усвоија Одлуката за кофинансирање на Општина Делчево за пренасочување средства од буџетската сметка по проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ согласно со Договорот за заем од Европската инвестициска банка. Станува збор за кофинансирање од страна на Општина Делчево во висина од 3.591.977 денари со ДДВ, односно до 20 % од вкупната вредност на Договорот во случај да се јават дополнителни и непредвидени работи. Кофинансирањето од Општината се однесува на проектот „Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево-зона Ново Делчево, зона-Милково Брдо и зона Потисен цевковод. Согласно со завршената тендерска постапка за реализација на овој проект се потребни 18.845.168 ден со ДДВ.

Советниците го усвоија Извештајот за јавната безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево за првото полугодие од 2022 г., според кој во областа на криминалитетот се регистрирани вкупно 29 дела што е намалување од 50,8% во споредба со истиот период од минатата година. Во споредба во област на јавниот ред и мир се карактеризира намалување на бројот на прекршоците за 5,8% во однос на истиот период лани. Намалување од 27% има и во областа на патниот сообраќај. Вкупниот број сообраќајни незгоди во првите 6 месеци од годинава е 16 од нив 9 се со тешки последици, со помала материјална штета се 7 и 1 сообраќајна незгода со едно загинато лице.

Локалниот младински совет доби двајца нови членови: Јована Стојанова од ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Моника Стојанова од ЛК СДММ Делчево.

Советот на Општина Делчево даде согласност на Одлуката за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Брегалница“ за регулиран период од 2022-2024 година согласно со која цената:

за домаќинства за регулиран период 2022-2024

-за 2022 година тарифата изнесува 37.13 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 39.53 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 40.69 денари/м3 (без ДДВ)

за правни лица за регулиран период 2022-2024

-за 2022 година тарифата изнесува 62.00 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 65.62 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 67.14 денари/м3 (без ДДВ)

Исто така, Советот на Општина Делчево даде согласност на Одлуката за утврдување тарифа за собирање и одведување урбани отпадни води на ЈКП „Брегалница“-Делчево за регулиран период 2022-2024 година, согласно со која цената :

за домаќинства за регулиран период 2022-2024

-за 2022 година тарифата изнесува 13.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 13.82 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 14.06 денари/м3 (без ДДВ)

за правни лица за регулиран период 2022-2024

-за 2022 година тарифата изнесува 22.64 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2023 година тарифата изнесува 23.09 денари/м3 (без ДДВ)
-за 2024 година тарифата изнесува 22.92 денари/м3 (без ДДВ)

Совет на Општина Делчево

# Се гради енергетско-ефикасна фасада на ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности




Деновиве започнаа градежните работи за изградба на енергетско-ефикасна фасада во ООУ „Ванчо Прке“. Реализацијата на проектот е преку Договорот со ТАВ и за овој проект е одвоени 5,1 милион денари.

Увид во почетните работи денеска направи градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека станува збор за значаен проект за ова училиште кој освен што ќе донесе нов лик на училиштето, најзначајно е дека училиштето ќе штеди и енергија.

– Фасадата на училиштето не е реконструирана од неговото отворање во 1972, а изградбата на енергетско-ефикасна фасада е приоритетен проект за нашето училиште и во ова време на еконмска и енергетска криза, освен што значи нов лик на зградата, ќе донесе и заштеда на енергија и повеќе средства во буџетот на училиштето кое сега ги троши за затоплување, рече Трајковски.

Средствата за реконструкција на фасадата на училиштето се обезбедени од пренамена на средства за изградба на карго- аеродромот во Штип, а врз основа на анализа за проценка на економска оправданост.

Инаку, како што истакна директорот на училиштето Горан Велков, паралелно се одвиваат и градежни работи за санација и реконструкција на дел од кровната конструкција која беше оштетена од недоамнешното невреме кое го зафати Делчево. Станува збор за површина на оштетен кров од 150 м2. Вкупната инвестиција за реконструкција на кровот е 960.000 денари од нив 80% покрива осигурителна компанија, а останатите се средства обезбедени од училиштето.





# Делчево во групата општини со највисок Индекс на отвореност




Општина Делчево е на петтата позиција според Индексот на отвореност на општините во Република Северна Македонија за 2022 г. што е подобрување за 4 позиции или 16 % во споредба со минатата година. Со оствареност од 52% од обврските, Делчево заедно со Кочани и Велес ја делат 5-та позиција од сите 80 општини и Градот Скопје, според мерењата и резултатите од Проценката на состојбата за добро владеење преку Индексот на отвореност спроведени од Фондацијата „Метаморфозис“.

Индексот на отвореност покажува дека во мерењето за 2022 година најдобри резултати имаат општините Валандово (62 %), Прилеп (59 %), Битола (57 %), Охрид (54 %), Кочани, Велес и Делчево (52 %), Демир Хисар и Крушево (50 %) и Василево (47 %), додека најниско се рангирани Долнени (9 %), Врапчиште (8 %), Карбинци (7 %), Бутел (6 %), Сопиште (5 %), Арачиново и Зелениково (3 %) и Општина Кривогаштани со 0 %. Проценката е резултат на сеопфатно емпириско истражување засновано врз Индексот на отвореност, чија цел е да се утврди степенот до кој се почитуваат принципите на доброто владеење во локалните самоуправи. Трудот дава длабинска анализа на работата на локалните самоуправи во Република Северна Македонија, но и препораки за подобрување.

За градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, овие податоци ја покажуваат заложбата на општинската администрација за транспарентно и добро владеење, но потребно е сѐ уште работа на ова поле.

– Ме радуваат податоците од оваа анализа и со самото тоа што имаме подобрување од минатата година за 16 проценти, значи дека работиме на вистинскиот начин. Но, оваа анализа покажува дека локалните самоуправи имаат уште многу работа на полето на отвореност. Нашата цел, како општина е да продолжиме и максимално да ги подобриме 4-те битни сегменти од областа на доброто владеење: транспарентност, свесност, пристапност и интегритет. Само така ќе бидеме поблиску до граѓаните, ќе ја подобриме отчетноста и ќе дадеме придонес во борбата со корупцијата, истакна Трајковски.

Просечниот резултат на единиците на локалната самоуправа, според истражувањето за 2022 година изнесува 27 % што претставува индикација за ниско ниво на отвореност во работењето на локалната власт во Република Северна Македонија. Највисока просечна оценка општините имаат за индикаторите во областа транспарентност 34 %, а најниска просечна оцена имаат во областа свесност 13 %, исто како и минатата година.

Во однос на планските региони, истражувањето покажа дека и во 2022 година најотворени се општините во Југоисточниот Регион, со просечна отвореност од 35 %, додека најмалку отворени се општините во Скопскиот Регион со просечна отвореност од 20 %, наместо Полошкиот во 2021 година, кој сега ја има претпоследната позиција со 21 %.

# Ќе се воспоставува Графички регистер за улици и куќни броеви

Во периодот од 15.09.2022 до 09.11.2022 на територијата на Општина Делчево ќе се спроведуваат теренски активности за прибирање податоци за улиците и куќните броеви, како дел од активноста на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија во рамките на проектот „Соработка за дигитална демократија“ финансиран од Кралството Шведска. Со оваа активност се продолжува прибирањето графички и атрибутивни податоци за улици и куќни броеви во функција на воспоставување Графички регистер за улици и куќни броеви за дополнителни 29 општини. Теренските активности ќе ги спроведува Друштвото ГЕОФОТО ЗЕНИТ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО.

Со цел успешно воспоставување на Графичкиот регистар на улици и куќни броеви во Општина Делчево, ќе се спроведуваат активности на терен поврзани со прибирање податоци за улици и куќни броеви во сите населени места во Општина Делчево: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Делчево, Драмче, Ѕвегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловци, Селник, Стамер, Стар Истевник, Тработивиште, Турија и Чифлик.

Во согласност со Законот за катастар на недвижности, Агенцијата за катастар и недвижности ја има надлежноста за воспоставување и управување со Графичкиот регистар за улици и куќни броеви кој е дел од идниот Адресен регистар на Република Северна Македонија, а ќе содржини просторни и описни податоци за улиците и куќните броеви.

Адресниот регистар е еден од државните приоритети и ќе биде единствен и авторитативен извор на адресни информации во Република Северна Македонија. Информациите за адресните податоци ќе се добиваат на брз и ефикасен начин, по електронски пат, преку систем обезбеден од Агенцијата за катастар и недвижности.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Апел до граѓаните: Да не се создаваат диви депонии




Деновиве заврши чистењето на 4 од предвидените 5 диви депонии, мапирани во Општина Делчево. Исчистени се: депонијата за градежен шут Ралова Чука, депонија во с. Град, депонијата под Попов Мост, депонија кај Тработивиште, а деновиве се очекува да се исчисти и депонијата кај мостот на улица „Индустриска". Чистењето на депониите е во рамките на ЕУ-проектот „Затворање непрописни депонии/ѓубришта од Источниот и Североисточниот регион" со кој е предвидено затворање на нестандардните и дивите депонии во регионот. Проектот се реализира преку Министерство за животна средина, а изведувач на работите е фирмата „Ескаватори".

Целта на оваа активност е да се исчистат дивите депонии и отпадот од нив да биде префрлен на градската депонија Острец со што ќе се придонесе за почиста и поздрава животна средина и почисто и пубаво Делчево..

Општина Делчево уште еднаш апелира до граѓаните за поголема свест и одговорност за животната средина и да не се создаваат диви депонии. Посебно се потенцира да не се фрла комунален отпад и градежен шут на депонијата Ралова Чука од каде со оваа акција е транспортиран отпад од околу 16.000 м3. Граѓаните да го носат градежниот шут на градската депонија Острец или да пријават во ЈКП „Брегалница".

Исто така, се информираат граѓаните дека ќе се зачестат контролите на критичните точки во Општината, посебно на депонијата за градежен шут Ралова Чука. Воедно, за секој поединец или фирма кои ќе ја продолжат практиката за фрлање отпад на недозволиви места ќе се применат казнените мерки согласно со законската регулатива. За собирање на комуналниот отпад е надлежно ЈКП „Брегалница".

Актуелности

# Делчево одбележа 78 години од ослободувањето



Aктуелности

Делчево одбележа 78 години од ослободувањето и 31 година од независноста на државата. Чествувањето на двата значајни датуми од историјата на Делчево, започна пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот кој го чува споменот на паднатите борци во НОВ од делчевскиот крај прерд кого се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од МВР предводена од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево предводена од претседателот Гоце Попов, претставници на институции, здруженија на граѓани и политички партии.

Во чест на празникот на градот се одржа и Свечена седница на Советот на Општина Делчево на која присуствуваше и министерот Оливер Спасовски и директорот на БЈБ, Сашо Тасевски.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, кој ја отвори Седницата, изрази благодарност на сите членови на Советот кои изминатиов период покажаа дека се вистински борци за правата и барањата на своите сограѓани, на сите поранешни градоначалници и советници кои со својот личен ангажман, несебичен труд и залагање, дадоа значаен придонес во изградбата и развојот на Делчево.

-Во првата година од работата на Советот, остварена е мојата визија, Советот на Општина Делчево да биде храм на демократијата, каде секој советник и граѓанин ќе ги остварува своите демократски права на највисоко ниво. Лично сметам дека го исполнив и ветувањето дадено на Конститутивната седница,со кое ветив дека ќе бидам најсилен поддржувач во работата на градоначалникот и Општината во целост, но и најжесток критичар кога сметам дека дека се греши и не се работи во интерес на граѓаните. рече Попов.

Градоначалникот Трајковски во своето обраќање на Свечената седница истакна дека денешно Делчево е плод на големата храброст и пожртвуваност на слободоумните и бестрашните борци за слобода кои ги удрија темелите на слободно Делчево, на сите повоени дејци и лидери кои го трасираа патот на развојот на нашето гратче, распослано на двата брега на Брегалница, да расте и да се развива, да раѓа нови приказни, да се создаваат нови спомени. Говорејќи за развојот на денешно Делчево, Трајковски ги презентираше актуелните проекти кои се реализираат во Општината.

-Во моментов во Делчево се инвестираат проекти во висина од над 180 милиони денари, не сметајќи ги овде тековните инвестиции кои се однесуваат на проектот за Водоснабдување на Делчево. Работиме на транспарентност и отчетност, работиме да бидеме општина за сите граѓани и вистински сервис на граѓаните, но пред сè, нашите заложбите се да создадеме подобар квалитет на животот на нашите сограѓани. Никогаш не велам дека ќе биде лесно, но секогаш велам дека ќе се исплати за сегашните и идните генерации, бидејќи за Делчево работиме, а тоа е највредно, истакна Трајковски.

На Свечената седница беше доделена Седмосептемвриската награда на фирмата „Брегал“ ДОО од Делчево за особени достигнувања од областа на стопанството и општествена одговорност и на Лоренцо Трајановски за афирмација на Делчево.

Актуелности

# Делчево одбележа 78 години од ослободувањето

На Свечената седница беше доделена Седмосептемвриската награда на фирмата „Брегал“ ДОО од Делчево за особени достигнувања од областа на стопанството и општествена одговорност и на Лоренцо Трајановски за афирмација на Делчево. Воедно, Трајковски додели плакети за успешна соработка и поддршка на Општина Делчево на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и на директорот на БЈБ, Сашо Тасевски.
На свеченоста беа доделени плакети за општествена одговорност на АД „Фротирка-компани“ и на нашите иселеници Виктор Коларски и Антонио Витановски, како донатори и иницијатори за изградба на првата атрактивна градска фонтана во градот. Плакета за општествена одговорност доби и ЈЛБ „Илинден“ за нивниот ангажман и иницирани акции со цел да се помогне на семејства кои живеат во социјален ризик. Традиционално на Свечената седница беа доделени и наградите за најубаво уреден двор. Согласно со оценката на Комисијата, награда за најубав двор добија: најубав двор на Цветко Коларски од с.Град; втора награда за Кристина Миленковска од с.Звегор, а трета награда за Ванчо Коларски, од с. Град. За најубав двор во втората категорија-институции и колективно домување е прогласен дворот на ООУ „Ванчо Прке“.
Инаку, во рамките на одбележувањето на празникот на градот, во СОУ „М.М. Брицо“ се одржа турнир во пинг-понг за младинци во организација на Советот на млади.









# Делчево ја доби првата атрактивна фонтана-симбол на модерно Делчево

Актуелности



По повод празникот на градот, како подарок од срце за Делчево, беше ставена во функција првата атрактивна фонтана „Бесконечност“-симбол на модерно Делчево. Фонтаната беше симболично откриена од министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, градоначалникот Горан Трајковски, претседателот на Советот, Гоце Попов и пратеничката Соња Михаиловска. Атрактивната фонтана е подарок за Делчево од нашите иселеници Виктор Коларски, Антонио Витановски, „Фротирка компани“ и Општина Делчево, а проектант е делчевското проектантско биро ГП „Архитекти“.
Градоначалникот Горан Трајковски истакна дека фонтаната е проектирана во формата бесконечност и е одраз на модерно и современо Делчево.
-На овој убав празничен ден, од срце даваме подарок за нашето Делчево. Заедно со нашите иселеници: Виктор Коларски, Антонио Витановски, фирмата Фротирка-компани од Делчево и со средства од Буџетот на Општина Делчево, оставаме на генерации и генерации делчевци, објект кој е белег на современо и модерно Делчево-фонтаната „Бесконечност“. Идејното решение е несекојдневен производ на делчевската архитектонска фирма ГП „Архитекти“ и инженерот Гоце Попов. Изразувам голема благодарност до донаторите, до проектантот и очекувам дека ова ќе биде уште едно пријатно, но атрактивно катче за нашите сограѓани, но и за посетителите. Нека е аирлија! – нагласи Трајковски.
По начинот на функционирање, фонтаната функционира како затворен систем, односно се користи една иста количина вода од приближно 7м3 и се филтрира преку своја филтер– централа.

Актуелности

# Отворена конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо“



Со пригодна свеченост беше пуштена во употреба новата конгресна сала во СОУ „М.М.Брицо“ во Делчево. Салата е инвестиција на самото училиште за што од сопствени средства се издвоени 3, 5 милиони денари. Како што посочи директорката Дијана Цонева, со посветена работа и ценејќи ја потребата на училиштето, со реконструкција на старата спортска сала градена во 1961,ја добивме новата модерна конгресна сала.

– Спортската сала последните години не беше во функција. Сега овој простор, ќе биде искористен на најдобар можен начин од нашите ученици, персоналот и сите наши сограѓани. Оваа сала ќе се користи за свечени академии кои ќе ги организира училиштето.Ќе се користи за состаноци, класни часови, работилници, за дебата на учениците, часови по музичка уметност, за обуки, семенари потоа, презентација на проекти, разни работилници на кои ќе учествуваат и учениците и професорите, рече Цонева.

Градоначалникот Трајковски кој присуствуваше на настанот посочи дека оваа инвестиција е резултат на домаќинско работење на самото училиште.

-Кога се сака да се направат промени, кога се има идеја, кога се работи одговорно и кога имаш за цел како да се унапреди образовниот процес и како да се подобрат и осовременат условите за работа во училиштето, тогаш резултатот е нова инвестиција во интерес , не само на учениците и наставниот кадар на училиштето, туку и на цела општина. На СОУ „М.М.Брицо“ честитам за успешно реализираниот проект и да продолжат одговорно да работат и да ги реализираат сите планирани проекти во иднина. Општината е секогаш партнер на амбизиозните проекти на општинските училишта, рече Трајковски.

На свеченоста по повод пуштање во употреба на конгресната сала, беше изведена и културно-уметничка програма.

# Започнаа градежните работи за адаптација на поткровјето во ООУ „Св.Климент Охридски“

Актуелности



Во ООУ „Св.Климент Охридски“ започнаа градежните работи за адаптација и пренамена на поткровниот помошен простор во простор наменат за медијатека-библиотека.

Корисната површина од 274 м2 кој се наоѓа во поткровјето на стариот реконструиран објект е отворен, без дополнителни прегради и досега се користеше како помошен простор за складирање непотребни материјали на училиштето и беше рационално искористен.

Со адаптацијата и пренамената на таванскиот простор се предвидува решение кое ќе овозможи поинакво и покорисно искористување на таванскиот простор што би било од корист на корисниците, односно учениците, наставниците и пресоналот на училиштето. Во новата медијатека ќе се вклучат нови создржини: библиотека, читална и простор за состаноци, уметничко ателје со вклучени: музички инструменти и уметничко сликање, како и мултинаменски хол.

Овој проект е финансиран од МОН и е со вредност од 4,3 милиони денари, изведувач е АТРИУМ-ДООЕЛ од Вевчани.





Актуелности

# Инклузивно игралиште во ООУ „Ванчо Прке“



Учениците од Основното училиште „Ванчо Прке“ во Делчево ќе може да спортуваат, да играат и да другаруваат на новото инклузивно и пристапно игралиште сместено во дворот на училиштето. Почетокот на новата учебна година проектот **„Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“** финансиран од Европската Унија, го обележува со донација на деветтото инклузивно игралиште во земјава, со кое се придонесува во креирање на инклузивна клима во училиштата.

Бранка Цајковска од Фондацијата „Чекор по чекор“ која го спроведува проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, истакнува дека во изминатите две години од спроведување на проект, имаат за цел да создадат пристапни и стимулативни средини за учење, а училиштата опфатени со проектот да бидат места со еднакви можности за образование на децата, вклучувајќи ги и оние со физичка, сетилна и интелектуална попреченост.

„Со донацијата на ова инклузивно игралиште како проект на почетокот на септември посакуваме успешен почеток на новата учебна година на национално ниво и веруваме дека со нашите активности значајно придонесуваме секое дете да добие пристап до квалитетно образование.

Инклузивните игралишта како ова во ООУ „Ванчо Прке“ нудат стимулација на учениците со попреченост и нивна вклученост во играта, она што во суштина е најзначајно за децата. Со задоволство го ставаме во употреба ова игралиште и се надеваме дека ќе стане место каде секојдневно ќе се поттикнуваат способностите и вештините на учениците, а ние, заеднички со вакви и слични активности ќе ја создаваме сликата за инклузивното образование во земјава, од кое сите ќе имаат придобивка.“ – рече г-ѓа Бранка Цајковска проектен менаџер на „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“.

Инклузивното игралиште сместено во централното училиште ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево, во кое се образуваат околу 500 ученици е од огромна важност за Општината Делчево.

„Ме радува фактот што во Делчево, посебно, во образовните институции, максимално се инвестира во создавање подобри и еднакви услови, како и можност за перманентен развој и инклузивност во образовниот процес на учениците со попреченост. Изразувам благодарност до раководниот тим од училиштето „Ванчо Прке“ и до донаторите кои овозможија Делчево да го добие првото инклузивно детско игралиште, кое врз основа на содржината и на елементите кои се инсталирани, ќе биде уникатно катче и ќе даде голем придонес во правилниот раст и развој на учениците со посебни потреби. Како општина даваме искрена поддршка за реализација на проекти со кои ги подобруваме капацитетите за инклузивност не само во училиштето, туку и во општината, со цел секое училиште да добие простор во кое сите деца ќе имаат еднакви можности за раст и развој.“ – изјави градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски.

Отворањето на ова инклузивно игралиште е национален настан во реализација на Проектот **„Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“** којго реализира Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ заедно со своите партнери Здружението за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“ и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак“. Проектот се реализира во соработка со Министерството за образование и наука.

# Во Делчево се играше фудбал во рамките на Европската недела на спортот

Актуелности



Во рамки на одбележувањето на Европската недела на спортот во дворот на ООУ „Ванчо Прке“ се одигра фудбалски натпревар помеѓу учениците од двете основни училишта. Оваа активност се реализираше како дел од проектот EWoSBEAST што го спроведува Агенцијата за млади и спорт , а е финансиран од Европската Унија. Фокусот на овој проект е обезбедување можности за сите да бидат активни преку спортски активности, особено на локално ниво, бидејќи активирањето на младите е сериозен предизвик со кој се соочуваат и многу други земји низ цела Европа, дури и пред пандемијата COVID 19. Огромното влијание на пандемијата врз спортската активност го промени начинот на организирање на спортските и рекреативните активности, но во исто време покажа и колку е важен спортот за физичкото и менталното здравје на младите и на сите поединци.

# Донација од Турција за ученици од ООУ „Св.Климент Охридски“



Во Делчево пристигна донација наменета за ученици кои потекнуваат од семејства кои живеат во социјален ризик од ООУ „Св.Климент Охридски“. Донацијата се состои од ученички чанти и прибор, обувки и јакни, а ќе ја добијат 54 ученици од училиштето.
Донацијата е обезбедена од Црвената полумесечина на Турција, Меѓународната фондација „Балкан“ и Здружението на иселеници Македонија-Турција, а е во рамките на донаторската акција „По стапките на синот Фатихан“. Директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“, Горан Димитровски изрази благодарност за донацијата и за долгогодишната соработка на ова училиште со овие хуманитарни организации од Република Турција при што потенцираше дека секоја донација е важна и значи поддршка на учениците од ранливи категории.
-Службите од училиштето претходно направија соодветна анализа и селекција, со цел помошта да заврши кај оние ученици на кои им е најпотребна. Оваа донаторска акција е во насока да се помогне на секој ученик и секој ученик да биде подготвен за стартот на новата учебна година. И уште еднаш изразуваме благодарност до донаторите, бидејќи

Актуелности

# Реализирани кампањите „Безбедно лето“ и „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“



Во соработка со Регионалниот центар за гранични работи – Исток и ПС за ГП и ГН „Делчево“ и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево на подрачјето на ПС за ГП и ГН Делчево, беа спроведени низа активности за одговорно учество во сообраќајот, во рамки на кампањите на МВР „Безбедно лето 2022“ и „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ со што беше одбележан и почетокот на новата учебна година.

Целта на овие активности беше да се подигне јавната свест кај возачите и да се стави акцент на безбедноста на децата во сообраќајот преку почитување на ограничувањата на брзината на движење низ населените места, каде ученици активно се движат кон училиштата.

Едно од овие училишта е Подрачното ООУ „Ванчо Прке“ кое се наоѓа во близина на магистралниот пат А3 во селото Ѕвегор, а тоа, воедно, е и првото населено место по влезот во нашата држава од Граничниот премин Делчево. Во ова училиште на учениците од прво до петто одделение им беше одржано едукативно предавање за безбедно движење од дома до училиштето и им беа подарени материјали со едукативна содржина од областа на сообраќајот.

Активностите се одвиваа на одредени локации по должината на магистралниот пат А3 до ГП Делчево, каде беа извршени контроли на возачите и им беа врачени летоци со апел за одговорно учество во сообраќајот и почитување на ограничувањата на брзината низ населените места посебно во близина на училиштата, а акцентот беше ставен на транзитните возила.

Во рамки на активностите на Граничниот премин Делчево и на Регионалниот центар за гранични работи „Исток“ од страна на Општинскиот совет за безедност на сообраќајот на патиштата Делчево му беа предадени едукативни материјали од областа на сообраќајот кои ќе им бидат врачени на возачите кои влегуваат во нашата држава преку овој граничен премин.

Материјалите се обезбедени од страна на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

# Спомен-соба на Димитар Узунски

Култура




Делчевци и љубителите на фолклорната традиција добија мал музеј посветен на ликот и делото на пијанечкиот Цепенков, Димитар Узунски. Во делчевското село Трaботивиште беше промовирана „Собата на Димитар Узунски за културното наследство на Пијанец“, како носечки проект на Здружението Фолклорна група „Копачка“, с. Драмче, субвенциониран од Министерство за култура на РСМ и Општина Делчево. Собата е уредена во родната куќа на најголемиот културен деец, Димитар Узунски, во родното Трaботивиште во која се сместени неговите лични документи, фотографии, најзначајни дипломи, благодарници, признанија и награди, како и неговите ракописи од собирачката фолклорна дејност.

Како што истакна Перса Стојановска, претседател на Здружението, со оваа активност, Фолклорната група „Копачка” ја потврдува поставената цел да го продолжи патот кој го трасираше Узунски, кој е најзаслужен на животот на орото „Копачка“ низ годините и за впишувањето на орото „Копачка” за светско културно наследство во УНЕСКО.

-Покрај градежните работи за прилагодување на собата, опремувањето со витрини, преградна врата и сл. во собата се уредија неговите лични документи, фотографии, најзначајни дипломи, благодарници, признанија и награди, како и неговите ракописи од собирачката фолклорна дејност, собрани во неговите тетратки, а секако, овде се и неговите инструменти, носијата, машината за пишување и др, рече Стојановска.

Градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски кој ја пушти во употреба собата, потенцираше дека Димитар Узунски беше и ќе остане синоним на делчевскиот фолклор и традиција

–На денот на роденденот на пијанечкиот Цепенков, Узунски, Делчево и неговите следбеници од Здружението „Копачка“ с. Драмче, како и неговото семејство, им подаруваат на сите почитувачи на неговиот лик и дело, на љубителите на фолклорот и традицијата, спомен-соба која ќе го чува споменот за Узунски, и на секој посетител и добронамерник ќе му раскажува за неговата посветеност и ентузијазам, за неговата љубов кон културното и фолклорното наследство, за неговиот живот „Копачката“.

Узунски е делчевска гордост и непресушен извор за пијанечкиот фолклор и традиција. За неговото дело и наследство може да се пишува многу, но неговото наследство е немерливо и нема доволно зборови за да се опише, бидејќи неговото значење за Делчево, за делчевци, за македонскиот фолклор и традиција е уникатно, рече Трајковски.

Во рамки на настанот пред присутните се обрати и сибот на Димитар, Гоце Узунски, кој потенцираше дека внатре посетителите нема да најдат ниту злато, ниту пари, туку идентитет и нешто што значи Македонија.

На настанот беа доделени благодарници на најзаслужните кои учествуваа во реализацијата на проектот „Соба на Димитар Узунски за фолклорното наследство на Пијанец”.

Култура

# Промоција на монографијата „Паметници за Царево Село“





Во рамките на прославата по повод Денот на ослободувањето на Делчево и Денот на независноста на РСМ, во Делчево беше промовирана книгата „Паметници за Царево село– цркви и манастири во Делчевско и сведоштва на царевоселци“ од Драган Арсовски и Софрон Ѓеоргиевски. Промоцијата беше во организација на ЈЛБ „Илинден“, издавач на монографијата.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, истакна дека со многу љубов, ентузијазам и со желба да се сочува од заборав материјалот кој е вреден како оставштина за делчевските цркви и манастири ЈЛБ „Илинден“ пристапи кон подготовката на оваа исклучителна монографија која ќе остане како аманет на следните генерации делчевци и доказ за времето кое одамна поминало.

–Изразуваме огромна благодарност до семејството Арсовски, особено голема благодарност до Лимонка Арсовска, сопругата на Драган Арсовски, еден од авторите на книгата. Несебично, со многу љубов, без никаков надомест, сите материјали и ракописи Арсовски ги подарија на библиотеката, со цел да бидат зачувани од времето на заборавот, додаде Петровска.

Промотор на монографијата беше м-р Даниела Такева која истакна дека ова е монументално дело за Делчево.

-Самиот наслов на монографијата го отсликува значењето на ова дело. Бидејќи потрагата по културното наследство на делчевските цркви и манастири, како еден од најзначајните сегменти на делчевската и македонската историја и идентитет, како и автентично пренесените сведоштва на живите сведоци од периодот исклучително тежок за народот кој живеел во пограничниот дел во периодот од втората половина на 19 в и првата половина на 20 век, не значи ништо друго, туку паметник-или споменик на едно време длабоко врежано во темелите на растот и развојот на Делчево, истакна Такева.

Материјалите во монографијата се собирани во осумдесеттите и деведесттите години на минатиот век, а во ракопис се чувани повеќе од три децении.

# Фолклор и традиција во Делчево. Одржана Пијанечко-малешевската свадба и Меѓународниот фестивал „Делчево-фест“

Култура



Горанчо Костадинов и Елеонора Мирчовска ја крунисаа својата љубов на стар автентичен начин денеска во Делчево во рамките на 16-та Пијанечко-Малешевска свадба, како придружна манифестација на традиционалниот Меѓународен фестивал „Делчево фест“.

Младоженецот Горанчо Костадинов (34) е по потекло е од селото Истевник, Делчевско, а невестата Елеонора Мирчовска (26) е од селото Русиново, Беровско. Двајцата се на привремена работа во Австрија.

Младоженците беа примени од градоначалникот Трајковски кој на младите им ја врачи традиционалната награда од Општина Делчево, парични средства во износ од 12.000 денари посакувајќи им долг заеднички живот и многу дечиња.

-Им посакувам долг и среќен заеднички живот на младите Елеонора и Горанчо кои како зет и невеста на 16-то издание на Пијанечко-малешевската свадба, ја продолжуваат традицијата и се главните актери на манифестацијата која покажува дека свадбарските обичаи се сè уште живи и се почитуваат. Традицијата е таа која го чува нашиот идентитет и наша обврска е да ја продолжиме, да ја промовираме и да се гордееме со неа, бидејќи таа ни е оставена како аманет од нашите предци. Посебно изразувам задоволство што организаторот на традиционалната свадба КУД „Гоце Делчев“ успеа да ја сочува свадбарската традиција и на тој начин да ја сочува и да ја промовира богатата палета свадбарски обичаи од овој регион. Уште еднаш им посакувам на младите долг и среќен брак, благословен со многу дечиња, рече Трајковски.

Свадбарските адети беа промовирани на летната сцена во рамките на 46-тиот по ред Меѓународен музички фолклорен фестивал „Делчево-фест“ на кој ќе настапат 25 учесници, фолклорни групи и изведувачи од земјава и од Србија, Бугарија и Турција.

Организатор на манифестацијата е Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев“ во соработка со соседните општини и здруженија од областа на културата. Покровител на „Делчево фест“ е градоначалникот на Општина Делчево, а поддржувач Министерство за култура на Република Северна Македонија.

Култура

# Наградени најредовните машки читатели во ЈЛБ „Илинден“



По втор пат, делчевската библиотека „Илинден“ ги награди топ петте машки читатели. ЈЛБ„Илинден“- Делчево креираше топ 5 листа на мажи-најчитатели и во неа се најдоа: Сашко Дуовски, Александар Чучурски, Даниел Ристовски, Александар Белогаски и Матеј Вучевски.

Во делчевската библиотека бројот на мажи читатели изнесува едвај 20% од вкупниот број читатели, а со цел да се поттикнат припадниците на посилниот пол да бидат редовни читатели, ЈЛБ „Илинден“ ја организира оваа активност.

Директорката, Билјана Петровска испраќајќи честитки до најредовните машки читатели изнесе податоци поврзани со авторите кои се предмет на интерес на мажите и жените.

-Жените се желни да читаат книги напишани од мажи, но значително помал број мажи се желни да читаат книги напишани од жени. Писателката од листата на топ десетте писателки со најбројна машка публика – авторката на трилери Л.Џ. Рос – ги користи своите иницијали, па можно е мажите да сметаат дека не станува збор за жена. Што нè наведува да прашаме дали мажите не го признаат рамноправниот авторитет – интелектуален, уметнички, културен – на жените и мажите? Кога станува збор за 10-те најпродавани писателки (на листата се наоѓаат Џејн Остин и Маргарет Атвуд, како и Даниел Стил и Џоџо Мојс), само 19% од нивните читатели се мажи, а 82% се жени. Кај 10-те најпродавани писатели (на чија листа се наоѓаат Чарлс Дикенс и Џ.Р.Р. Толкин, како и Ли Чајлд и Стивен Кинг), соодносот е многу поизедначен: 55% мажи наспроти 45% жени, потенцираше Петровска.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**